Врз основа на член 163 од Законот за високото образование (Сл. Весник 82 од 08.05.2018 година), член 20 и 53 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.411/2018) и Одлуката донесена на 15 седница на Наставно-научниот совет, Деканот на Архитектонскиот факултет - Скопје во состав на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, распишува

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Архитектонски факултет-Скопје
Бр. 03-246/1
23.9. 2025 год.

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**
за избор на демонстратори
во учебната 2025/2026 година

**I.** Се утврдува потребата од ангажирање демонстратори на:

1. Институтот за архитектонско проектирање;
2. Институтот за урбанизам;
3. Институтот за високоградба;
4. Институтот за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата и уметност;
5. Институтот за графички комуникации.

Согласно член 163 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр.82 од 8.5.2018 година), кандидатот за демонстратор на наставните предмети на прв циклус студии по архитектура и на интегрираните студии од прв и втор циклус по архитектура треба да ги исполнува следните услови:

- да биде лице кое е студент на втор или трет циклус на студии од соодветна област и кој студиите од прв циклус ги завршил со просечна оценка од најмалку 8,00 (осум);
- да е студент на студии од интегриран прв и втор циклус студии од соодветна област кој има остварено најмалку 180 ЕКТС кредити и просечна оцена од најмалку 8,00 ( осум).

**II.** Заинтересираните кандидати треба да достават:

- пријава во која ќе наведат за кои предмети се пријавуваат;
- куса биографија (CV)

***(потврдата за редовен студент и уверението за положени испити Комисијата ќе ги добие по службена должност).

**III.** Интерниот конкурс трае 5 работни дена сметано со денот на објавувањето а се објавува на веб страната и на огласната табла на Факултетот.

**IV.** Листата на избраните кандидати ја утврдува Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет при што Факултетот го задржува правото да ангажира број на демонстратори според потребите на Факултетот, во зимскиот и летниот семестар во учебната 2025/2026 година.

**V.** Потребните документи да се достават преку архивата на Архитектонскиот факултетот, најдоцна до понеделник, 29.9.2025 година, до 15,00 часот.

Д е к а н,

Проф. д-р Анета Христова Поповска